**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**Defence for Children's Rights (DCR)**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 2020 ГОДИНА

Годината што измина беше една од најтешките години, кое вртоглаво се превртуваше во турбуленциите на 2020 година. Динамично време, време на вонредна состојба и рестриктивни мерки кога моравме да ги прилагодиме и приспособиме услугите и активностите на новонастаната ситуација, да ја препознаме итноста и да преземеме хумани и солидарни чекори во заедницата сѐ со цел соодветно да се одговори на сите аспекти и обезбедат најосновните пакети со храна и хигиенски средства за семејствата за да се ублажат последиците од пандемијата на Ковид-19. За прв во историјата на земјата на 18-ти Март беше донесена првата одлука за прогласување на вонредна состојба на територијата на целата држава врз основа на која се носеа уредби со законска сила на примена. Втората одлука беше донесена на 17-ти Април. Иако уредбите беа донесени во насока на зачувување на здравјето на сите, сепак директно влијаеја негативно врз квалитетот на живот, но и на егзистенцијалните потреби на најранливите категории.

Вистински пресврт и во наративот за интезивна соработка и комуникација со сите чинители за да се пресретнат предизвиците на ширење но и заштита од вирусот. Некогаш останувавме и без енергија и здив ама никогаш не престанавме да веруваме дека можеме, особено кога се работи со најранливите во општеството. Работевме на нивна поддршка да имаат можност на грижа, заштита и можност да напредуваат. Во текот на месец февруари драстично беше зголемен бројот на деца болни од грип-инфлуенца кој го достигна до заболени 45 деца. Четири деца беа придружувани на лекарски преглед во Амбулантата во Шуто Оризари, а останатите деца беа упатувани со нивните родители до матичните доктори за преглед и припишување на соодветна терапија. Секојдневно се потсетуваа децата и родителите соодветно и редовно да ја примаат припишаната медикаментозна терапија од лекарите. На семејствата им беше помогнато со потребните лекарства. Се разговараше и за редовното и правилното одржување на лична хигиена кај децата и родителите како основна превенција од пренесување на грипот и останатите бактериолошки заболувања. Поради појавата на корона вирусот и во нашата земја кај дел од децата и родителите имаше појава на паника и страв, за што се водеа информатини и едукативни разговори со цел да се смири паниката кај истите. Особено се внимаваше на хигиената во Дневниот центар со редовно и зачестено пребришување на површините со средства врз база на дезинтал и алкохол со цел превенција на ширење на инфлуенцата.

И покрај отежнатите услови за работа поради пандемијата кои произлегоа од рестрективни мерки на социјално дистанцирање, тимот секогаш одговорно одговараше на потребите на нашите корисници на безбеден начин. Иако директните активности на работа со децата во тој период беа ставени во мирување, ние и понатаму посветено продолжувавме да работиме, да одиме на терен и да го отворавме Дневниот центар во предвидените часови за движење, по две лица. Но поради потребата од директната работата (психосоцијална поддршка и советувања) и видување со семејствата и децата, дневите активности започнаа да се одвиваа секојдневно од 18.05.2020 година во работните простории на организацијата или пред самата организација притоа запазувајќи ги мерките за заштита.

Продолжуваме посветени на приоритети, ја заокруживме годината свесни дека нашата мисија продолжува и дека во годините што следат нашата одговорност кон децата сѐ повеќе се

зголемува. **Во текот на 2020 година работевме со 65 семејства односно со 100 деца од кои 70 деца, со статус деца на улица од 43 семејства и со 30 деца од 22 семејства деца во социјален ризик** (повратници од ЕУ земјите кои со нивното враќање пред една година сѐ уште живеат во импровизирани живеалишта или под кирија, семејства без никаков приход а кои воглавно обезбедуваат финасиски средства преку собирање пластична амбалажа од којтенери и питачење).

Ова е само дел од низата успеси што ги постигнавме и по кои ќе ја паметиме 2020 година како солидарна и хумана година

Директна поддршка на семејствата













Во 2020 година Комитетот на ЗЗПД одржа 3 редовни седници со цел да го поддржат непреченото тековно функционирање како и развојот на организација. Иницираше, координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на доброто работење на Здружението и Дневниот центар, и неговата актуелност. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на Дневниот центар пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за организацијата како пример за добро, успешно и одговорно работење.

Благодарност до сите наши поддржувачи, донатори, партнери и соработници кои изминатата 2020 година веруваа во нашите заложби за остварувањето на мисијата на Здруженето за Заштита на правата на детето, придонесувајќи за подобрување на состојбата и заштитата на маргинализираната група на деца.

Заслужни за нашиот развој и добри резултати беа постигнати од страна на нашите долгогодишни партнери: Тинекс МТ, Град Скопје, ФООМ и Германската заедница за меѓународна заедница (ГИЗ), граѓанските организации но и од граѓаните кој несебично донираа за семејствата (храна, покуќнина, облека, обувки, прекривки итн.)

Активности во Дневниот центар (образовни, креативни работилници)
















Бб-Бб
18.02.2020г.

































beko











Истражувачки сектор
Финансиски менаџмент
Сегашност
Непознатата иднина










ДЕН НА ДЕТЕТО





**Волонтери од Волонтерски центар Скопје**









Националниот младински совет на Македонија во соработка со Комората за информатички и комуникациски технологии-МАСИТ и со поддршка од Британската амбасада во Скопје имплементираа проект „Млади ХАБ - дигитална младина“. Во рамките на овој проект претходеле за дигитални вештини за млади лица (од 15 до 29 години) со што младите беа вклучени во општокорисна работа во различни граѓански организации, институции или иницијативи. Пријавените волонтери реализираа ативности во Дневниот центар од 4 до 8 часа дневно, преку организирање на работилници и помагање при тековните активности во Дневниот центар и вон-наставни активности и посета на Зоолошката градина. Со по еден волонтер на ден 27.01.2020 година е реализирана едукативна работилница за правилно одржување хигиена на забит, на ден 28.01.2020 година реализирана е спортско рекреативна работилница и на ден 29.01.2020 помош и поддршка при пишување на домашни задачи.








Во рамките на проектот „Одлучи сама - твој глас, твое право“ “. кој го имплементираше СЦИ „Надеж-Промотори на независни гласачки права на жените на ден 17.06.2020 во просториите на ДЦДУ согласно протоколите за одржување на обуки со возрасни (до 5 учесници, заштитна маска, растојание, миење и дезинфекција на рацете на сите учесници во обуката, дезинфицирање на инвентарот пред и по секој учесник, проветрена просторија) одржавме 2 работилници- кафе сесии со по 5 учеснички. искажаа револтот дека доколку пред изборите им дојдат на нивната улица ќе бидат ако треба и „насила истерани“ и нема да дозволат да бидат изманипулирани. Учесниците изразија големо задоволство од реализација на една ваква за нив необична активност, во насока дека досега никој им ги нема ниту приближено ниту пак убаво објаснето за нивните гласачки права.





Во соработка со НВО Новинари за човекови права кои го имплементираа проектот "Остани алармиран - остани безбеден" на ден 25.06.2020 се одржа работилница за шиење на памучни заштитни маски за повеќе кратна употреба и хигиенски влошки од еколошки материјал со 5 млади жени ромки од семејства кои ги користат моментално и семејства кои ги користеле услугите на нашата организација. Работилницата беше реализирана во просториите на ДЦДУ согласни мерките за заштита и владините протоколи за одржување на обуки со возрасни. Учесничките успешно изработија пар заштитни маски за повеќекратна употреба и на крајот од обуката им беше поделена заштитна маска, храна и освежување и материјалите за изработка на заштитни маски. Преку истиот проект на НЧП на ден 18.06.2020 реализирана е работилница на отворено со 15 дечиња од ДЦДУ почитувајќи ги мерките за заштита. Работилницата беше краткотрајна и во насока информирање на децата за како правилно да се носи маската на лицето. На крајот од работилницата им беа поделени заштитни маски, храна и освежување.




На ден 17.11.2020 во Дневниот центар согласно протоколите за заштита од Ковид 19, НВО Отворена порта-Ла Страда Македонија одржа едукативна работилница на тема Трговија со луѓе и експлоатација на деца со 10 деца над 12 годишна возраст-деца корисници на Дневниот центар, наизменично по 5 во група и со 2-ца родители. Работилницата беше во форма на гледање на документарен филм поврзан со темата. После работилницата децата добија ранчиња со печатени материјали-флаери поврзани со темата




Од 20.01.2020 до 24.01.2020 вработените од Градинката „8 Април“ заедно со заинтересирани родители организираат кампања за глад преку која родителите подготвуваа топла храна и десерти во кујната на градинката за децата од Дневниот центар за дена на улица. Ова е прв пат да се вклучи ромската заедница во активности од ваков карактер. Децата цела седмица имаа можност на топол, домашно подготвен оброк за кој бескрајно се радуваа.







Ја одржуваме личната хигиена но се грижиме и за уредноста на косата




Пофалница на Рамајана Реџепи за успешно учество на Меѓународниот натпревар Кенгур



Се грижиме и за најмалите членови од семејствата









**Вон наставни активности**

На ден 28.02.2020 година беше организиран натпревар по куглање во салата Борис Трајковски со 29 деца  од страна на вработните од компанијата Бреон по повод Social Friday.





**Ги прославуваме родендените!**












Родителски средби
јануари 2020 година




**Помогнати 20 семејства во административно-техничката документација за обновување и/или аплицирање за гарантирана минимална помош, детски и образовен додаток и**
**психосоцијална поддршка**








Во период од 01.01.2020-31.12.20120 година имавме поддршка од страна на МТ-Тинекс со годишен буџет од 360.000 денари.

За непреченото работење на Дневниот центар, што е од особена важност за негова одржливост, финасиска поддршка имавме од буџетот на Град Скопје од Програмата за 2020 година, со буџет од 400.000 денари. Па така во период од 01.03.2019-31.12.2019 година се имплементираше проект „Со поддршка до успех за ромските деца". Со овој проект беа опфатени 100 деца од Ромската заедница, на возраст од 04-18 години, од кои 70 деца, деца на улица и 30 деца во социјален ризик (без елементарни услови за живот) од семејства вратени од ЕУ земјите како баратели на азил со место на живеење во општина Шуто Оризари кои поради пандемијата, сиромаштијата уште повеќе ги нагласи потребите од пружање помош и поддршка. Беа реализирани следниве активности: едукација, воспитна работа, грижа за здравјето, социјални и образовни услуги; вклучување во образовниот процес но и задржување во истиот и следење на нивната редовност, подигање на образовно, социо-културно ниво за позитивна интеграција во пошироката заедница, теренски активности и работа со семејствата. Во текот на имлементацијата секој месец децата и семејствата добиваа антибактериски течни сапуни, антисептични гелови, шампони за вошки како и од месец март заштитни маски.

Во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година беше спроведен Проект „Социјална и образовна поддршка на децата на улицата" и поддржан од ФООМ со вкупен буџет 1.489.563 денари. Беа реализирани следните активности: Континуирана работа со децата во рамките на ДЦДУ, подготовка за вклучување во образовниот систем и поддршка на деца кои се вклучени во образовниот систем и стручна/советодавна индивидуална работа со родителите, подигање на родителските капацитети и одговорности.

Се реализираа активности од Регионалниот проект за социјални права на ранливи групи SoRy II „Активности за спречување на ширење на КОВИД-19 меѓу социјално ранливите ромски семејства во Шуто Оризарии" во период од 01.09.2020 – 31.12.2020 година со финансиска поддршка од 937.800 ден. Целта на проектот е подигнување на свеста кај корисниците за примена и почитување на мерките и препораките за спречување на ширење на COVID-19, како и поддршка и заштита на оние кои се во социјален ризик и имаат најголема потреба и обезбедување поддршка за продолжување на моделот на работа во услови на пандемија. Како подцели 1: Обезбедување психо-социјална поддршка од сите аспекти (здравје, социјална

поддршка, поддршка со храна и хигиенски производи и едукација за заштита на сопственото и колективно здравје од ширење на КОВИД-19 и други инфекции и Под-цел 2: Поддршка на 50 деца со училишен прибор.

**Работилници со семејствата**






**Теренски активности**




## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

**Во текот на 2020 година работевме со 65 семејства односно со 100 деца од кои 70 деца, со статус деца на улица од 43 семејства и со 30 деца од 22 семејства во социјален ризик (повратници од ЕУ земјите).**

И оваа година на дечињата се нудеа најразлични услуги во зависност од нивните потреби, интереси и желби. Се задоволуваат нивните елементарни потреби, потреба од одржување лична хигиена, облека, обувки, оброк, потреба од неформално образование, примарна здравствена заштита, лична документација, игра, дружење, но и заштита од економска експлоатација и заштита од секаков друг вид насилство.

Воспитно - образовната дејност е проследена со љубов, трпеливост и разбирање со секое дете, одраз на искажана љубов и внимание. При реализацијата на воспитно – образовните активности се обрна внимание и на следните аспекти: работно воспитание, развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики, еколошко воспитание, поделба на обврски меѓу сите членови на групата, играње игри на улоги и имитативни игри, разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови итн. Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз создавање работни навики, создавање потреба за активирање, поттикнување на самоиницијативноста, запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби во правец на поддршка на развојот и напредокот на детето.

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, Здружението остваруваше соработка и со основните и средните училишта. Беа остварени средба со стручната служба, со наставниот кадар и со класните раководители на средношколците, се обавуваат разговори и се информираат за новонастанатите ситуации кај некои од децата или доколку има потреба од интервенција и преземање на заеднички дополнителни активности во интерес на децата.

Се остваруваа индивидуални и групни средби со родителите, се одржуваа и родителски средби со цел да се подигне родителска грижа и одговорност за вршење на родителското право.

Во **Младинскиот клуб** се работеше на индивидуален развој и професионална ориентација. Беа обработени повеќе теми: Права и обврски, Личен развој (самодоверба, емоции, успех и неуспех, искажување на мислење, семејство, училиште), општествени односи (нивните права, недискриминација, поддржување и соработка, социјални притисоци, одговорности и позитивен однос), здраво живеење (здрава исхрана, лична хигиена, превенција од болести и заболување и свест за сексуално здравје, ризици од малолетнички бракови и бременост) и однос со надворешната средина (културно однесување со средината, хигиена во околината и заштита). Беше спроведена и активноста поврзана со читачкото катче, каде описменетите деца креативно и компаративно читаа за со цел да им се помогне при разбирање на смислата на текстот и негово значење. Се разговараше за прочитаното, се поставуваа прашања, се прераскажуваше усно но и писмено. Вклучени 4 младинци од Дневниот центар во продажбата на уличното списание Лице в Лице со согласност од родителите.

***Во текот на 2020 година Дневниот Центар беше потпомогнат со донација на облека, храна од Црвениот Крст на Град Скопје, храна од Ајде Македонија-Сите Сити, облека од нво Љубезност, Сорсико, Компанија Бреон, Ротаракт, УНДП и Министерство за труд и социјална политика доделија пакети храна и санитарни производи набавени од маркетите на Тинекс на 43 семејства корисници, ФООМ преку Романо Чачипе донираше 16 хуманитарни пакети.***

- **МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

Бележиме успех во однос на детските бракови. Имено, превенирани и спречени 9 од 10 малолетнички заедници кај девојчињата на возраст од 13-16 години.

- **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Во текот на целата година стручниот тим превенираше во спречување на сите аспекти на семејното насилство особено за деца жртви од насилство. Најчестите застепени насилства се однесуваа на психичко и емоционално малтерирање, насилнички закани и физички насилства кои родителите често ги користат како дисциплински мерки со кои се обидуваат да го наметнат авторитетот, но и за деца жртви на најтешки форми на злоупотреба на детскиот труд, запуштање и малтертирање на малолетно дете од страна на родителот. На 22.01.2020 година од страна на Ју-МЦСР беше пријавен случај за семејно насилство односно физичко малтретирање на мајката заедно со четиригодишно дете од страна на таткото кој во алкохолна состојба поради одбивање да оди на питачење, на вонбрачната партнерка и нанел телесни повреди а врз рацете на малолетното дете потурил врела вода со што се здобило со тешки изгореници. Поради честите физички малтретирања од страна на таткото мајката со малолетното дете ЈУ-МЦСР времено ги сместува во шелтерот за жртви за семејно насилство во Гази Баба.

- **ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС и ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Во совладување на тешкотиите и препреките со кои се соочуваат и на кои наидоа во текот на интегративниот период – согласно нивните индивидуални и семејни капацитети, во нивната истрајност се грижеше стручниот тим (координатор, социјален работник, психолог и одделенски наставник).
Со контиунираното работење на Дневниот центар придонесе успешно завршување на второто полугодие од учебната **2019/2020 година на 58 деца** кои учат во ООУ„Браќа Рамиз“, ООУ „26 Јули“ СУГС „Лазар Танев“ СУГС „Шаип Јусуф“ и А.С. Макаренко-основното училиште за возрасни.
Со завршување на основното образование на 5 деца со наполнети 17 години истите не се запишани во средните училишта односно не го продолжуваат своето образование како редовни ученици поради условот од МОН детето да нема наполнети 17 години при нивниот упис.
Учебната 2020/2021 година отпочна на 1 октомври 2020. Од вкупно 61 дете кои се редовно вклучени во Дневниот центар во образовен процес се 53 од кои 1 дете (Х.Б.) е прво одделение. Од децата со престанок на згрижувањето во Дневниот центар, а кои повремено ги користат услугите на истиот во образовен процес се 4 деца. Оваа учебна година имаме и 4 првачиња, блиски сродници на редовните деца, кои не се вклучени во редовните активности во Дневниот центар, а ја добиваат потребната образовна поддршка за пишување на домашни задачи. **Вкупно во Дневниот центар образовната поддршка ја добиваат 61 дете.**

Поради надмината возраст (наполнети 16 години во 2020 година) тимот во комуникација со службите и наставниот кадар од основното училиште за возрасни „А.С. Макаренко“ и ООУ „Браќа Рамиз Хамид“ префрлени се две ученички, една 9 одделение и друга 8 одделение во А.С. Макаренко во 4-та година односно 8 и 9 одделение. Ова е направено во интерес на децата, односно да имаат можност оваа учебна 2020/2021 година да го завршат основното образование, а следната 2021/2022 година да можат да се вклучат во средно образование како редовни ученици за што услов е детето да нема наполнети 17 години при уписот.

За успешен почеток и со обезбеден училишен материјал и ранци стартуваше учебната 2020/2021 година година кој беше обезбеден од Германската заедница за меѓнародна соработка (ГИЗ) .

Во месец ноември имаше промени на начинот на којшто децата ја следат наставата. Имено наставата ја следат онлајн 11 деца – поради немање услови 5 деца, од претходно 16 преминаа од онлајн во учење преку печатени материјали; физичка настава следат 20 деца, 3 деца кои претходно учеа физички преминуваат со учење преку печатени материјали; преку печатени материјали моментално учат 25 деца, а за 5 деца сѐ уште не е одлучено како да ја следат наставата. За нив начелно од училиштата е одлучено да ја следат наставата онлајн, но поради тешките услови во кои живеат тоа не може да се реализира. Во постојана комункација сме со класните и одделенските раководители во врска со наставните материјали кои ги учат во Дневниот центар и со претходно договорени средби ги предаваат на наставниците во училиштата.

Тимот и овој пат и помогна на Р.Р. ученичка во 3-та година во СУГС „Шаип Јусуф“ при комплетирање и пополнување на потребната документација за продолжување на стипендијата за Роми во средните училишта и уредно ја испратија до Министерството за образование и наука. Истата ученичка е и продавач на уличното списание Лице в Лице и месецов со писмена дозвола на родител Нво Паблик сними видео со Р.Р. организирано од Здружението „СОЛЕМ“ за проектот „Децата не се раѓаат со предрасуди“.

**Во однос на здравствена состојбата** од вирусот предизвикан од Ковид-19 беше заболено едно семејство: мајката беше со лесна клиничка слика (бронхопневмонија) и на домашно лекување, а другите членови од семеството беа асимптоматски. Упатена е на матичен доктор на 20.11.2020, а тестирана е на ден 23.11.2020 со позитивен наод. Детето во тој период не го посетуваше Дневниот центар од 20.11.2020 година сѐ додека матичниот лекар не дозволи. Тестиран е член на уште едно семејство корисник на Дневниот центар, но не поради суспектност на вирусот, туку поради одобрување на влез во ЈУ- Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје и има негативен наод.

- **ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Согласно новите измени со Законот за социјална заштита сите семејства беа благовремено информира и добија поддршка во административно - техничката документација и упатени до соодветни институции.

Оваа година во месец февруари имавме 2 вработувања на мајки со Договор во текстилна компанија „Ортекс“.

Вработување на полнолетната Селма Браими со завршено средно училиште а згрижена во ДЦДУ до нејзината 18-та година во Нво Хера како приправник.

- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ**

  Оваа година поради пандемијата, која доста ги ограничи активностите, со дечињата се одбелележа: Меѓународниот ден на Ромите 8-ми Април и 12 Април – Меѓународниот ден за деца на улица и 20 Ноември - Светски ден на детето.

- **АКТИВНОСТИ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ**

По повод престојните Новогодишни празници делењето на пакетчињата оваа година се одвиваше на поразличен начин од претходните години. Имајќи ја предвид пандемијата со Ковид-19 и со цел заштита на здравјето како на децата така и на тимот не се одржа традиционалната новогодишна претстава и дел од пакетчињата беа поделени пред просториите на ДЦДУ, а дел внатре со тоа што децата влегуваа еден по еден или двајца доколку се од исто семејство согласно пртоколите за заштита и ги земаа пакетчињата пред новогодишната елка која ја донираа вработените од ГИЗ.

Нашите долгогодишни соработници донираа новогодишни пакетчиња за децата од ДЦДУ. Имено, на ден 15.12.2020 Светска Банка донираше 30 пакетчиња, на ден 18.12.2020 Тинекс 100 пакетчиња, на ден 21.12.2020 УМС 70 пакетчиња, на ден 25.12.2020 Комерцијална Банка 63 пакетчиња, на ден 29.12.2020 Црвен Крст- Чаир 63 пакетчиња, 29.12.2020 Град Скопје 100 пакетчиња. На ден 30.12.2020 г. Ротаракт донираше 42 пакетчиња со едукативни материјали (боенка, дрвени боички, сликовница) и истиот ден општествено одговорна граѓанка од Битола по повод роденденот на нејзиниот 10-годишен син Адам го посети ДЦДУ и заедно со дечињата го прославија роденденот со 2 роденденски торти, со појадок и 62 пакетчиња. Со плетени шалчиња и капчиња и оваа година ги израдува 10-те дечиња баба Јелица.

**Претставниците на Здружението за Заштита на правата на детето учествуваа на следните настани**:

ЗЗПД како член во мрежата ИРИС, на ден 24.07.2020 година, координаторот на ДЦДУ Ирена Велкоска даде интервју за поддршката и начинот на кој се одвиваше процесот на подготовката на документацијата за лиценцирање на организацијата како давател на социјални услуги во заедницата преку дневни центри.
На ден 01.07.2020 и 02.07.2020 социјалните работници од ДЦДУ Трајанка Симуноска и Филип Пепоски учествуваа на обука преку проектот „Преку Архус и Мастрихт до еколошка транспарентна информација" ПАМЕТИ! Имплементирана од ЗЕОООП (Здружение за значење на еколошкото образование во осовременување на образовниот процес) и Балканска водна мрежа која се оддржа два дена во просториите на НВО Романо Чачипе.
На ден 20.07.2020 социјалниот работник Филип Пепоски учествуваше на состанок со НВО Ајде Македонија- Сите Сити кој се одржа во Хотел Сити Парк со акцент на начинот на доставување на вишокот храна до крајните корисници.
Истиот ден е објавена статијата на vecer.press со наслов „Со помалите деца работиме на држење на моливите и ги учиме математика" за која интервју даваше координаторот Ирена Велкоска. Како одговор на статијата објавена од vecer.press од ТВ Сител побараа вклучување во живо во утринската емисија „Ја сакам Македонија". На ден 22.07.2020 Ирена Велкоска имаше директно вклучување од Дневниот центар и говореше за работата на ДЦДУ пред и во време на пандемијата со COVID-19.
Координаторот на Дневниот центар Ирена Велкоска учествуваше на 3 работилници/менторски сесии во рамки проектот „Дигитализација на уличното списание "Лице в лице" за време COVID-19 пандемија" финансиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, имплементиран од Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој, „Паблик" кои се одржуваа онлајн преку апликацијата Зум на ден 03.09.2020 г., 17.09.2020 г. и 28.09.2020 .
На ден 25.09.2020 координаторот Ирена Велкоска присуствуваше на он-лајн сесијата Трговија со луѓе и експлоатација на деца која беше дел од Конференцијата: Препознај, Почитувај и Остварувај Права на тргуваните и експлоатираните лица организирана од НВО Отворена порта-Ла Страда Македонија.
На ден 19.10.2020 година координаторот Ирена Велкоска присуствуваше на онлајн настанот на Нво „Отворена порта" на тема „20 години против трговија со луѓе". Истиот ден 19.10.2020 година координаторот Ирена Велкоска учествуваше како панелист на панел дискусијата „(Не)видена сиромаштија" каде зборуваше за состојбата на децата на улица пред и за време на пандемијата, како тие се чуствуваат и со кои проблеми најчесто се соочуваат. Настанот беше во организиција на Македонска платформа против сиромаштија по повод 17 октомври – Интернационалниот ден за искоренување на сиромаштијата, кој оваа година се одбележува под слоганот "Acting together to achieve social and environmental justice for all".
ЗЗПД како парнер организација на „Паблик" и Лице в лице, координаторот Ирена Велкоска како претставник на ЗЗПД учествуваше на онлајн работилниците на ден 01.10.2020 година - Тренинг за препознавање на нови потенцијални чинители и креирање план за развој на соработка со нив во обединување на пазарните активности во мрежата - 1 дел; 08.10.2020 - препознавање на нови потенцијални чинители и креирање план за развој на соработка со нив во обединување на пазарните активности во мрежата на партнери - 2 дел; 15.10.2020- Психосоцијална поддршка и на ден 26.10.2020 - Алтернативни канали на продажба и маркетинг „Пронајди било што освен вообичаеното".
На ден 17.10.2020 година во х. „Александар Палас" се одржа јубилеен настан 20 години ХЕРА на кој присуствуваше координаторот Ирена Велкоска и ја прими признаницата од Хера за дологодишната соработка на Здружението за заштита на правата на детето со нивниот центар „Сакам да знам".
Потпретседателот на Здружението за Заштита на правата на детето проф.д-р Оливер Бачановиќ од страна на членовите на ЗЗПД е повторно номиниран за член во активностите на Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување предводено од Министерот за труд и социјална политика а како претставник на Здружението

минатата година учествуваше во изработка на Национална стратегија и Акциски план (2020-2025).
На ден 06.11.2020 Ирена Велкоска учествуваше на онлајн работниот состанок на Коалицијата Сите за правично судење, во рамки на нивниот проект „Евалуација на стандардите за фер судење и пристап до правдата во судски предмети за семејно насилство и криминал од омраза“.
На ден 23.12.2020 координаторот Ирена Велкоска и психологот Даниела Ѓоргиевска учествуваа во истражувачкиот дел на проектот „Vulnerability of Roma children toward commercial sexual exploitation” поддржан од организацијата Global Initiative against organized crime, во форма на интервју поврзано со формите на сексуална експлоатација на деца роми (конкретно малолетнички бракови) со кои сме се соочиле во текот на работата изминатите години. Интервјуто се оддржа онлајн, преку Microsoft Teams. Како организација која може да даде придонес во истражувањето, бевме по препорка од страна на нво Отворена порта- Ла Страда Македонија.
На ден 29.12.2020 година во просториите на Дневниот Центар беше спроведено интервју со 7 деца и 5 мајки од страна на проф.Владимир Илиевски од Филозофскиот факултет. Целта на ова истажувачко интервју е да се направи проценка на состојбата и потребите на децата без родителска грижа, семејства кои се наоѓаат во социјален ризик од Скопско планскиот регион, клучните чинители за заштита на деца и млади и институции со надлежност од социјална заштита.

На крајот уште еднаш сакаме да се заблагодариме на сите наши соработници, партнери и донатори кои ни даваат поддршка и кои веруваат во нас во изминатите години.

**Членови на Комитетот на ЗЗПД го сочинуваат**:

Проф. д-р Владимир Ортаковски, професор на Факултетот за безбедност, претседател на ЗЗПД;

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, професор на Факултетот за безбедност, потпретседател на Здружението;

Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Ирена Велкоска, Генерален секретар на ЗЗПД и член Извршниот комитет на ЗЗПД

**Тимот на Дневниот центар за деца на улица:**

Ирена Велкоска, проектен координатор и едукатор;
Василка Јовановска, дипл.социјален работник (до 24.04.2020 породилно отсуство);
Филип Пепоски, дипл.социјален работник;
Даниела Ѓоргиевска, дипломиран психолог;
Марија Костадиновска, проф.по предучилишно воспитание и образование (на замена на местото на Василка Јовановска со склучен договор за вработување од 26.05.2020 до 30.06.2020 во рамки на проектот „Социјална и образовна поддршка на децата на улица“ поддржан од ФООМ;
Трајанка Симуновска, дипл.социјален работник.
Меѓународни волонтери од Волонтерски Центар Скопје, вклучени во креативнитр работилници со децата: Camille Labbaye и Tanguy Payet.

**Претседател на Здружението**

**за Заштита на правата на детето**

проф.д-р Владимир Ортаковски

---------------------------------------------

Јануари, 2021

Скопје